**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: г-н Оливер Спасовски, овластен подносител на листа на кандидатот за претседател на Р.М, Стево Пендаровски предложен од 38 пратеници**

**УПП бр. 03-101**

**Скопје 15.04.2014г.**

**Предмет: Одговор на претставка во врска со прилог емитуван на 10.04.2014 година, во вестите на ТВ Канал 5**

Почитувани,

Во врска со вашата претставка доставена до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 11.04.2014 година и евидентирана во Уписникот за постапување по претставки и предлози УПП бр. 03-101, ве известуваме за следново:

Прилогот на кој посочувате во претставката, емитуван во вестите на ТВ Канал 5 во 15 часот на 10 април 2014 година, го регистрираше и мониторингот на Агенцијата. Се однесува на резултати од испитување на јавното мислење поврзани со учесниците во двата изборни процеси - Предвремените парламентарни избори и Претседателските избори. Бидејќи, според член 77 став 1 од Изборниот законик, резултати од испитување на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес за Претседателските избори се објавуваат најдоцна пет дена пред денот определен за одржување на изборите, односно најдоцна до 7 април 2014 година, со емитувањето на овој прилог, на 10 април 2014 година, радиодифузерот го прекршил член 77 став 1 од Изборниот законик и Агенцијата ќе поведе прекршочна постапка.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател,**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги * СКОПЈЕ

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

- Одговорот е доставен и до ТВ Канал 5


**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Бул. ВМРО бр.3**
**1000 Скопје**
**Република Македонија**

**Тел. + 389 2 3103 400**

**www.avmu.org.mk**
**www.avmu.mk**
**contact@avmu.mk**